РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр.07-1031/1
01 12 2020 год
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 31 став 1 алинеа 4 а во врска со член 68 став 1 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на Општина Дојран објавува,

# ЈАВЕН ПОВИК
## за финансирање на спортските активности од Буџетот на Општина Дојран за 2021 година

Како субјекти кои можат да конкурираат се спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот кои делуваат на територијата на Општина Дојран.

Спортски здруженија и другите правни лица кои учествуваат на овој повик потребно е :
- да го поттикнуваат и унапредуваат соодветниот спорт;
- да го организираат и спроведуваат системот на натпревари;
- да се грижат за унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри;
- да се грижат за унапредување на младите категории;

Потребна документација која спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот треба да ја достават:

-Документација од извршена регистрација на субјектот (Копија);
- Годишна програма за работа за 2021 година;
- Извештај за потрошените средства добиени од Општина Дојран за 2020 година (до денот на поднесување на пријавата).

Рок и начин на доставување на пријавите

Крајниот рок за поднесување на пријавите е **15.12.2020 година (Вторник) до 14 часот.**

Пријавата со целокупната документација треба да се достави во архивата на општина Дојран или преку пошта на адреса: Општина Дојран, ул.„кеј 5-ти Ноември“ бр.бб, 1486 Стар Дојран, со назнака **„за финансирање на активности од областа на спортот за 2021 година“.**

Здруженијата, учесници на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите по донесување на годишната Програма за финансирање на спортските активности во општина Дојран за 2021 година.

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ДОЈРАН ОПШТИНА ДОЈРАН